

Димитрие **МАНЕВСКИ**

# "СТАТИСТИ ВО ПРЕТСТАВАТА ОД СОНИШТАТА"

***Недостигот на дарба може да се дополни со амбициозност и упорност, но недостигот на амбиција претставува упорно уништување на дарбата.***

Косово прогласи независност. За едни тоа беше остварување на вековниот сон, за други бесправна узурпација на суверена територија, за трети израз на волјата на мнозинството, за четврти, пак, преседан во меѓународното право кој во иднина може да послужи како основа за покренување и за остварување на сепарација и креирање нови држави. Сите засегнати страни успеаја да најдат определена формулација, која директно го отсликува нивниот став по ова прашање и индиректно ги посочува интересите кои ги застапуваат.

Веројатно е излишно во овој свој текст да посочам колкава е нашата неспретност и наивност во сè ова. Изјавите од типот: "Сè е под контрола, се врши постојано следење на состојбите, состојбата е стабилна...", само дополнително го поттикнуваат стравот и несигурноста кај граѓаните, бидејќи тие се појавуваат како условен рефлекс кога некој нè убедува дека живееме во оазата на мирот и стабилноста.

Она на што би сакал да обрнам внимание е пошироката слика. За мене ова беше уште еден во низата докази и факти кои укажуваат на немилосрдноста во беспоштедната борба за светска доминација.

Всушност, јас не сум идеалист кој верува во добронамерност и простодушност, кога станува збор за меѓународните односи. Напротив, сосема јасно ми е дека интересот е главниот двигател на сите случувања на меѓународен план. Но, кршењето на правилата на игра во тој меѓународен поредок или, пак, нивното насилно менување, е нешто што никој, па дури ниту оние кои себеси се нарекуваат "модерни предатори", а јас ги нарекувам сребролјубци, не би смееле да си го дозволат. Секако, не би смееле да си го дозволат заради својот долгорочен интерес затоа што не е воопшто мудро да го фрлите бумерангот кон непријателот и потоа да се завртите на другата страна.



Но, како и сите останати случувања на меѓународната сцена, ниту ова не е случајно. Во историјата на човештвото многу пати досега Западот покажа дека знае како се наметнува својата волја. Демонстрирањето сила на глобален план е еден од поефикасните методи на одвраќање кој постојано се користи. Туркањето на независноста на Косово наспроти нормите на меѓународното право не е ништо друго туку покажување на "мускулите". Највлијателните европски држави ќе ја поддржат независноста на Косово иако и самите во рамките на нивните суверени граници имаат региони кои повеќе децении се стремат кон отцепување.

Периодот кој ни претстои ќе биде интересен на глобален план по многу нешта. Пред сè, кога станува збор за европската територија, каде ќе се одвива една суптилна битка меѓу "сировата сила", која ја демонстрираат САД и буквално кажано "суровинската сила", која ја поседува Руската Федерација. Ќе биде интересно да се види како воображената Европа, која горе-долу изминативе 5-6 децении имаше јасен став и позиција, односно беше западно ориентирана, ќе се снајде во ситуација во која ќе треба да избира меѓу историско военото партнерство со САД и перспективното енергетско партнерство со Руската Федерација. Искрено кажано, лично би сакал да видам како Европејците добиваат ултиматуми и шлаканици и од двете страни, со што можеби ќе успеат да согледаат во каква ситуација се наоѓавме ние во изминативе петнаесеттина години. Секако, глобалната битка не се одвива само на територијата на Европа. Интересно е тоа што на јужноамериканскиот континент се одвива сличен натпревар. Сè почестите и пообемни договори за трговија со оружје, кои Русија ги склучува со големите јужноамерикански држави даваат за право да се констатира дека она што се направи со проширувањето на НАТО до самите граници на Руската Федерација, сега се случува повторно, но овој пат во спротивна насока.

Секако, и во другите делови од светот, а и надвор од него, се одвива битка за наметнување на својот интерес преку проширување на влијанието. Она што во целата оваа приказна е лошо е тоа што ние не сме предмет на интересирање на ниедна од страните. Како и секогаш досега, ќе служиме само како статисти, кои како колатерална штета незабележани се појавуваат и веднаш потоа исчезнуваат од целата приказна. А до кога ќе биде така? За почеток кажано, сè додека нашата најголема амбиција е некој друг да донесе решение за нас.

**Во оваа приказна лошо е што ние не сме предмет на интерес на ниедна страна. Како секогаш, ќе служиме само како статисти, кои како колатерална штета незабележани се појавуваат и потоа исчезнуваат од приказната. До кога ќе биде така? Па, сè додека наша најголема амбиција е некој друг да донесе решение за нас.**